# Анализа на работа на училиштето во ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ од учебната 2023/2024 година

Куманово,  Јануари 2024 год.

# Материјално технички и други подготовки за работа на училиштето:

- Како и секоја година, подготовките за новата учебна 2023/24 год. започнаа уште во месец јуни. Варосување, темелно чистење, потребни поправки, уредување на училниците и сл.Извршена е целосна дезинфекција и дезинсекција повеќекратно во сите простории во Централното и Подрачните училишта;
- Благодарение од средствата од проектите кои се реализираат во училиштето, набавени се 4 компјутери, 3 принтери, 6 смарт табли, дидактички материјали и средства за реализација на воспитно-образовниот процес.
- Доставување на бесплатни учебници во библиотеката и до учениците се одвиваше организирано. Сите учебници се нарачани, но сѐ уште не се доставени сите.
- Во текот на второто полугодие, наставниците и претставниците од стручната служба, посетија некои обуки и семинари, кои се однесуваа на реализација на наставата според Новата Концепција за образование.

Учебната 2023/24 год. во училиштето започна на 1 Септември со вкупно 56 паралелки:

- (45 во централното училиште -25 во одделенска и 20 во предметна настава),
- 6 паралелки во подрачното училиште во населбата „Иго Тричковиќ“ и
- 5 паралелки во подрачното училиште во село Тромеѓа

со вкупно 1070 ученици.

Во месец септември продолжи уписот на учениците во прво одделение (оние обврзници од реонот на училиштето кои не се запишаа во месец мај).

Формирани вкупно 7 паралелки од прво одделение(5 во централното училиште, 1 во П.У. во нас„Иго Тричковиќ“ и 1 во П.У.во с.Тромеѓа).

Распоредени се и придојдените ученици, како и оние кои го повторуваат одделението.

На крајот од овој класификационен период бројот на ученици е 1074.

# Бројна положба на учениците:

| Одделение | Запишани | | | придојдени | | | отпишани | | | останале | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | вкупно | м | ж | вкупно | м | ж | вкупно | м | ж | вкупно |
| I | 62 | 61 | 123 | 9 | 12 | 21 | 2 | 4 | 6 | 69 | 69 | 138 |
| II | 70 | 59 | 129 | 1 | 1 | 2 | 1 | 1 | 2 | 70 | 59 | 129 |
| III | 70 | 61 | 131 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 3 | 69 | 59 | 128 |
| IV | 59 | 52 | 111 | 1 | 2 | 3 | 0 | 1 | 1 | 60 | 53 | 113 |
| V | 63 | 57 | 120 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 2 | 63 | 55 | 118 |
| VI | 59 | 58 | 117 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2 | 3 | 58 | 56 | 114 |
| VII | 49 | 54 | 103 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 2 | 48 | 53 | 101 |
| VIII | 59 | 60 | 119 | 0 | 1 | 1 | 1 | 3 | 4 | 58 | 58 | 116 |
| IX | 59 | 58 | 117 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 59 | 58 | 117 |
| Вкупно: | 550 | 520 | 1070 | 11 | 16 | 27 | 7 | 16 | 23 | 554 | 520 | 1074 |

Споредбени податоци 2021-2023



# НАЦИОНАЛЕН  СОСТАВ НА УЧЕНИЦИТЕ:

| Одделение | Македонци | | | Роми | | | Срби | | | Вкупно: | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | вкупно | м | Ж | вкупно | м | ж | вкупно | м | ж | вкупно |
| I | 51 | 43 | 94 | 17 | 26 | 43 | 0 | 1 | 1 | 68 | 70 | 138 |
| II | 51 | 48 | 99 | 15 | 10 | 25 | 4 | 1 | 5 | 70 | 59 | 129 |
| III | 61 | 53 | 114 | 7 | 5 | 12 | 1 | 1 | 2 | 69 | 59 | 128 |
| IV | 51 | 40 | 91 | 8 | 11 | 19 | 1 | 2 | 3 | 60 | 53 | 113 |
| V | 50 | 41 | 91 | 12 | 11 | 23 | 1 | 3 | 4 | 63 | 55 | 118 |
| VI | 45 | 47 | 92 | 12 | 9 | 21 | 1 | 0 | 1 | 58 | 56 | 114 |
| VII | 41 | 46 | 87 | 5 | 7 | 12 | 2 | 0 | 2 | 48 | 53 | 101 |
| VIII | 53 | 54 | 107 | 5 | 4 | 9 | 0 | 0 | 0 | 58 | 58 | 116 |
| IX : | 54 | 54 | 108 | 1 | 3 | 4 | 4 | 1 | 5 | 59 | 58 | 117 |
| Вкупно: | 457 | 426 | 883 | 82 | 86 | 168 | 14 | 9 | 23 | 553 | 521 | 1074 |

# АНАЛИЗА НА УСПЕХОТ НА УЧЕНИЦИТЕ:

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ | | | | | | | | | | | | |
| I-III | Од прво до шесто одделение описно се оценети вкупно 720 ученици 8 ученици се неоценети. | | | | | | | | | | | | |
| IV - VI | | | | | | | | | | | | | |
| I-VI | Според ИОП/Модифицирана програма работат и описно се оценети 12 ученици. | | | | | | | | | | | | |
| VII - IX | Од седмо до деветто одделение бројчано се оценети вкупно 329 ученици а 2 ученика се неоценети. 3 ученика работат и се оценети според ИОП. Во однос на минатата година успехот е зголемен за 0.22%. | | | | | | | | | | | | |
| Среден успех | Без слаби | | | | | | Со слаби | | | | | | ИОП |
| | одличен | мн.добар | добар | доволен | вкупно | % | 1 сл. | 2 сл. | 3 и пов. | вкупно | % | Неоценети | |
| VII- 3.45 | *19* | *31* | *25* | *1* | *76* | *74.50980392* | *11* | *6* | *8* | *25* | *24.50980392* | *1* | *0* |
| VIII - 3.59 | *23* | *36* | *31* | *0* | *90* | *77.5862069* | *8* | *7* | *11* | *26* | *22.4137931* | *0* | *2* |
| IX - 3.38 | *20* | *25* | *35* | *1* | *80* | *67.79661017* | *11* | *9* | *17* | *37* | *31.3559322* | *1* | *1* |
| **VII-IX 3.48** | 62 | 92 | 91 | 2 | *246* | 73.2975403 | 30 | 22 | 36 | 88 | 26.0931764 | 2 | 3 |




Успех на учениците од I-VI одд. -ОПИСНО ОЦЕНУВАЊЕ

| Одделение | Високо ниво | Средно ниво | Ниско ниво | Послабо напредуваат | ИОП/модифицирана програма | Неоценети | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | 57 | 41 | 25 | 12 | 2 | 1 | 138 |
| II | 57 | 33 | 21 | 16 | 2 | 0 | 129 |
| III | 61 | 34 | 22 | 7 | 3 | 1 | 128 |
| Вкупно I-III | 175 | 108 | 68 | 35 | 7 | 2 | 395 |
| IV | 43 | 31 | 21 | 14 | 3 | 1 | 113 |
| V | 38 | 40 | 23 | 17 | 2 | 0 | 120 |
| VI | 29 | 34 | 30 | 17 | 0 | 4 | 114 |
| Вкупно IV-VI: | 110 | 105 | 74 | 48 | 5 | 5 | 347 |
| Вкупно I-VI: | 285 | 213 | 142 | 83 | 12 | 7 | 742 |
| | | описно оценети | | | | | 720 |

# АНАЛИЗА НА РЕДОВНОСТА НА УЧЕНИЦИТЕ:

| Одд | Оправдани | | | | | | | | | | | | Неоправдани | | | | | | | | | | | | Вкупно изостаноци | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Македонци | | | Роми | | | Срби | | | Вкупно | | | Македонци | | | Роми | | | Срби | | | Вкупно | | | Македонци | | | Роми | | | Срби | | | Вкупно | | |
| Одд | М | ж | Вкупно | м | ж | Вкупно | м | ж | Вкупно | м | ж | Вкупно | М | ж | Вкупно | м | ж | Вкупно | м | ж | Вкупно | м | ж | Вкупно | М | ж | Вкупно | м | ж | Вкупно | м | ж | Вкупно | м | ж | Вкупно |
| I | 235 | 245 | 480 | 440 | 678 | 1118 | 0 | 0 | 0 | 675 | 923 | 1598 | 0 | 0 | 0 | 44 | 628 | 672 | 0 | 0 | 0 | 44 | 628 | 672 | 235 | 245 | 480 | 484 | 1306 | 1790 | 0 | 0 | 0 | 719 | 1551 | 2270 |
| II | 60 | 118 | 178 | 287 | 98 | 385 | 25 | 24 | 49 | 372 | 240 | 612 | 0 | 0 | 0 | 21 | 0 | 21 | 0 | 0 | 0 | 21 | 0 | 21 | 60 | 118 | 178 | 308 | 98 | 406 | 25 | 0 | 25 | 393 | 216 | 609 |
| III | 90 | 55 | 145 | 179 | 92 | 271 | 5 | 26 | 31 | 274 | 173 | 447 | 0 | 0 | 0 | 78 | 0 | 78 | 0 | 0 | 0 | 78 | 0 | 78 | 90 | 55 | 145 | 257 | 92 | 349 | 5 | 26 | 31 | 352 | 173 | 525 |
| I-III | 385 | 418 | 803 | 906 | 868 | 1774 | 30 | 50 | 80 | 1321 | 1336 | 2657 | 0 | 0 | 0 | 143 | 628 | 771 | 0 | 0 | 0 | 143 | 628 | 771 | 385 | 418 | 803 | 1049 | 1496 | 2545 | 30 | 26 | 56 | 1464 | 1940 | 3404 |

| Одд | Оправдани | | | | | | | | | | | | Неоправдани | | | | | | | | | | | | Вкупно изостаноци | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Македонци | | | Роми | | | Срби | | | Вкупно | | | Македонци | | | Роми | | | Срби | | | Вкупно | | | Македонци | | | Роми | | | Срби | | | Вкупно | | |
| Одд | М | ж | Вкупно | м | ж | Вкупно | м | ж | Вкупно | м | ж | Вкупно | М | ж | Вкупно | м | ж | Вкупно | м | ж | Вкупно | м | ж | Вкупно | М | ж | Вкупно | м | ж | Вкупно | м | ж | Вкупно | м | Ж | Вкупно |
| IV | 385 | 418 | 803 | 906 | 868 | 1774 | 30 | 50 | 80 | 1321 | 1336 | 2657 | 0 | 0 | 0 | 143 | 628 | 771 | 0 | 0 | 0 | 143 | 628 | 771 | 385 | 418 | 803 | 1049 | 1496 | 2545 | 30 | 26 | 56 | 1464 | 1940 | 3404 |
| V | 276 | 188 | 464 | 283 | 481 | 764 | 0 | 0 | 0 | 559 | 669 | 1228 | 0 | 0 | 0 | 84 | 12 | 96 | 0 | 0 | 0 | 84 | 12 | 96 | 276 | 188 | 464 | 367 | 493 | 860 | 0 | 0 | 0 | 463 | 682 | 1324 |
| VI | 742 | 339 | 1081 | 229 | 190 | 419 | 0 | 0 | 0 | 971 | 529 | 1500 | 45 | 146 | 191 | 1520 | 878 | 2398 | 0 | 0 | 0 | 1565 | 879 | 2444 | 787 | 340 | 1127 | 1749 | 1068 | 2817 | 0 | 0 | 0 | 2536 | 1408 | 3944 |
| IV-VI | 1403 | 945 | 2348 | 1418 | 1539 | 2957 | 30 | 50 | 80 | 2851 | 2534 | 5385 | 45 | 146 | 191 | 1747 | 1518 | 3265 | 0 | 0 | 0 | 1792 | 1519 | 3311 | 1448 | 946 | 2394 | 3165 | 3057 | 6222 | 30 | 26 | 56 | 4463 | 4030 | 8672 |

| Одд | Оправдани | | | | | | | | | | | | Неоправдани | | | | | | | | | | | | Вкупно изостаноци | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Македонци | | | Роми | | | Срби | | | Вкупно | | | Македонци | | | Роми | | | Срби | | | Вкупно | | | Македонци | | | Роми | | | Срби | | | Вкупно | | |
| Одд | М | ж | Вкупно | м | ж | Вкупно | м | ж | Вкупно | м | ж | Вкупно | М | ж | Вкупно | м | ж | Вкупно | м | ж | Вкупно | м | ж | Вкупно | М | ж | Вкупно | м | ж | Вкупно | м | ж | Вкупно | м | Ж | Вкупно |
| VII | 769 | 447 | 1216 | 206 | 302 | 508 | 50 | 0 | 50 | 1025 | 749 | 1774 | 12 | 10 | 22 | 47 | 68 | 115 | 0 | 0 | 0 | 59 | 78 | 137 | 781 | 457 | 1238 | 213 | 145 | 358 | 50 | 0 | 50 | 1084 | 827 | 1911 |
| VIII | 202 | 219 | 421 | 55 | 153 | 208 | 0 | 0 | 0 | 257 | 372 | 629 | 26 | 12 | 38 | 0 | 29 | 29 | 0 | 0 | 0 | 26 | 41 | 67 | 228 | 231 | 459 | 55 | 182 | 237 | 0 | 0 | 0 | 283 | 413 | 696 |
| IX | 502 | 821 | 1323 | 73 | 67 | 140 | 40 | 0 | 40 | 615 | 888 | 1503 | 104 | 83 | 187 | 5 | 57 | 62 | 3 | 2 | 5 | 112 | 142 | 254 | 606 | 904 | 1510 | 78 | 124 | 202 | 43 | 2 | 45 | 693 | 1030 | 1723 |
| VII-IX | 1473 | 1487 | 2960 | 334 | 522 | 856 | 90 | 0 | 90 | 1897 | 2009 | 3906 | 142 | 105 | 247 | 52 | 154 | 206 | 3 | 2 | 5 | 197 | 261 | 458 | 1615 | 1592 | 3207 | 346 | 451 | 797 | 93 | 2 | 95 | 2060 | 2270 | 4330 |
| I-IX | 3261 | 2850 | 6111 | 2658 | 2929 | 5587 | 150 | 100 | 250 | 6069 | 5879 | 11948 | 187 | 251 | 438 | 1942 | 2300 | 4242 | 3 | 2 | 5 | 2132 | 2408 | 4540 | 3448 | 3374 | 6404 | 4560 | 5004 | 9564 | 153 | 54 | 207 | 7987 | 8240 | 16406 |

**Вкупниот број на изостаноци е 16406. Во споредба со истиот период од минатата учебна година кога бројот на изостаноци изнесуваше 18910, има намалување за 2504 изостаноци (2022/23 - 15,13 наспроти 2023/24 - 12,02 изостаноци по ученик).**

| одд | педагошки мерки | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | усна опомена | писмена опомена | укор | намалување на поведение | Преместув. во друга паралелка | Вкупно |
| I | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| II | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| III | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| IV | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 3 |
| V | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 |
| I-V | 6 | 3 | 0 | 0 | 0 | 9 |
| VI | 27 | 14 | 7 | 5 | 0 | 53 |
| VII | 8 | 4 | 0 | 0 | 0 | 12 |
| VIII | 5 | 1 | 3 | 2 | 0 | 11 |
| IX | 10 | 4 | 2 | 1 | 0 | 17 |
| VI-IX | 50 | 23 | 12 | 8 | 0 | 93 |
| I-IX | 56 | 26 | 12 | 8 | 0 | 102 |




# Анализа на поведението на учениците:

Педагошките мерки од I-V одделение се изрекувани поради нередовност на учениците, додека од VI – IX поради недисциплина/недолично однесување и поради отсуство. За ученици кои имаат добиено педагошки мерки, ученици кои се нередовни како и за оние кои имаат повеќе слаби оценки, беше организирано советување со родители од страна на училишниот психолог. Во споредба со истиот период од минатата година се бележи големо зголемување на бројот на педагошките мерки.

## Реализација на настава:

Во оваа учебна година од I  до  VI одделение наставата се реализира според Новата концепција за основно образование. Наставата ја изведува високо квалификуван, соодветен и професионален наставен кадар кој брои наставници- 36 одделенски наставници и 36 предметни наставници.

## Реализација на настава за ученици со ПОП

Во оваа учебна година има вкупно 12 ученици кои ја следат наставата според ИОП, 4 ученика кои следат модифицирана наставна програма. Од страна на ОУРЦ„Иднина“ Скопје се распределени 8 образовни асистенти и 1 личен асистент/финансиран од страна на родителите на ученикот. Благодарение на вклученост на училиштето во проект„Инклузија на деца со ПОП“ обезбедени се стипендии за 2 ученика и за 20 ученици со надмината возраст. За учениците од прво одделение, кои имаат обезбедено проценка по МКФ е поднесено барање за доделување на образовни асистенти.

# Унапредување на воспитно-образовната работа

ООУ ХРИСТИЈАН КАРПОШ КУМАНОВО, МАКЕДОНИЈА

- На 26.10.2023г. Музеј Куманово одржа работилница на учениците од I,II III ,IV и V одд. на тема:"ДЕТСКИ ИГРИ ВО XX ВЕК ВО КУМАНОВО И КУМАНОВСКО".
- На 13.10.2023год.од страна на стручната служба беше Реализирана работилница на тема:„Можам ли?"за ученици од VI и VIII одд.
- На 19.10.2023год.од страна на стручната служба беше Реализирана работилница на тема:„Кој сум јас?"за ученици од VIII одд.
- На 17.11.2023год.од страна на стручната служба беше Реализирана работилница на тема:„Толеранција"за ученици од VI одд.
- на 29. 11 2023, нашите доброволци од VIII одделение учествуваа во работилница организирана од CID, и сликаа на платно со акрилни бои на тема "Насликај ја младоста". Креираните слики подоцна ќе бидат донирани.
- Нашите ученици учествуваа во изработка на новогодишни украси кои го красеа училишниот хол.
- На 03.12.2023 по повод Меѓународен ден на лицата со попреченост во нашето училиште се одржа работилница „Сплотени заедно" на која присуствуваа дел од образовните асистенти и учениците со попреченост. Исто така, нашите образовни асистенти заедно со дел од учениците беа присутни на работилница во ООУ„Кочо Рацин".
- На 25.12.2023 нашите ученици заедно со нивните асистени беа присутни на работилница во ООУ„11 Октомври" каде заеднички со другите ученици изготвуваа честитки.









- Во нашето училиште се реализираше предавање на тема: Безбедно дома и на улица, со учениците од првото одделение. Работилницата беше организирана од страна на Општинскиот Совет за превенција и детско претстапништво.
- Одделението за превенција и Општинскиот Совет за детско престапништво организираа приредба за одбележување на Светскиот ден на детето, а воедно децата им дадоа пораки на возрасните со мотото Мојот, безбеден, убав град, а изненадувањето за децата дружење со нивните омилени ликови од цртаните филмови со кои се дружеа, играа и заеднички споделуваат пораки создадени од децата со менторите од сите основни училишта.
- Во рамки на проектот „Инклузија на деца со посебни образовни потреби" поддржан од ДФ„Песталоци" и „Отворете ги прозорците" нашиот училишен специјален едукатор и рехабилитатор беше презентер на Тркалезна маса во Велес, каде ги презентираше целите исполнети со проектот.







# Активности:

- Во рамките на проектот ,,Интеграција на еколошка едукација во македонскиот образовен систем, координиран од наставникот Марија.А.Стојановиќ.Со неколку работилници во изминатата недела беше одбележан ,,Светски ден на храна” . Вредните ученици од второ и четврто одделение и нивните наставници Данијела Стефановска,Љубинка Велкова и Маја Давидовска ја истакнаа потребата од секојдневно консумирање на здрава храна и многу витамини во исхраната.



- Отсекот за превенција при СВР Куманово и општински Совет за превенција на детско престапништво, организираа Игри без граници за сите основни училишта под мотото ,,Децата и полицијата". Преку игра,забава и дружење поминаа денешните игри низ повеќе дисциплини,а беа опфатени ученици од I до III одделение.На крајот на игрите на учениците им беа врачени благодарници за учество и успешна активност.



- Во месецот октомври беше предвидена и изградена бара која е сместена во дворот пред влезот од училишната зграда, како дел од активности предвидени со Развојната програма на училиштето. Активноста беше реализирана од страна на координаторот на Еко -тимот Марија Анѓелковиќ-Стојановиќ, како и од колегите кои се членови на тимот. Во самата реализација беа влучени уцениците од 6г паралелка како и родителите од населбата. За самата акција беа потребни материјали кои заедно со учениците беа собрани и донесени во училиштето. Поради временските услови барата не е довршена, а потребно е фабање , полнење со вода и украсување со животни кои живеат во истата



- Во месец октомври беше спроведена кампања за собирање на електичен и електронски отпад.Организатор наст. по физика Габриела Бошковска.



- Ученици од VIа под менторство на професор Габриела Бошковска од 04.12-06.12 2023 година учествуваа на Re:Waste Boot Camp 5.0 на тема за менаџирање со отпад и креирање на нови и иновативни решенија на оваа поле. Нашите ученици успешно се претставија со решение за преработка на отпад од дрво и преработки од дрво и се стекнаа со благодарници. Презентацијата се одржа на 12.12.2023 во Europe House Крива Паланка од кои беше и организиран овој настан во соработка со шведската амбасада во Република Северна Македонија.

- Во нашето училиште, се одржа хуманитарен базар по повод Денот на ослободување на градот-Куманово во рамки на Проектот "Инклузија на деца со посебни образовни потреби" поддржан од Здружението за асистивна технологија "Отворете ги прозорците" и ДФ"Песталоци". Средствата кои беа соберени се искористија за опремување на ресурсна соба во училиштето за работа со учениците со попреченост и нивните асистенти.





- На 16.11.2023 година нашите ученици од VIII и IX одделение со наставникот по хемија Ивана Димовска Нојковска во амфитеатарот на институтот за хемија на ПМФ присуствуваа на ,,Хемиски спектакл".



- На 22.12.2023 имаше промоцијата на делото ,, Што ми остана од тебе" од Ана Љубиќ на која присуствуваа голем број ученици од седмо и деветто одделение заедно со нивните професорки по македонски јазик



# Подобрување на училишна култура и клима:

На 07.09.2023год. на настан организиран од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност во Europe House- Скопје, на нашето училиште официјално му беше доделена ознаката за еТвининг училиште.



На 29.09.2023 нашите вредни пчелички од трето и четврто одделение учествуваа со ритмички точки на Меѓународен саем на органски и традиционални производи.



5 Октомври по повод "Недела на детето"и "Светски ден на учителот"во Големата сала на Комитетот од страна на Здружение на просветни работници Куманово во соработка со Општина Куманово и Сектор за образование, беше организиран настан во кој присутни беа и нашите првачиња со своите учителки.



Во период од 02-06.10.2023 во нашето училиште, ,,Детската недела“ беше исполнета со многубројни активности:
-цртање и боење на плочникот во училишниот двор(ученици од I-ви одделенија )
-работилници и цртежи на тема „Другарство“ (ученици од I до IV )
-приредба со гостите од градинката „Ангел Шајче“, објект „Развигорче“(ученици од I, V и IX одделение)









По повод октомври, месецот на штедењето, во рамки на кампањата за финансиска едукација на децата „Среќата е во малите чекори “ заедно со тимот вработени во Халкбанк АД Куманово и учениците од второ одделение од нашето училиште и нивните наставници беше одржана едукативна работилница



Во предновогодишните денови бевме сведоци на хуманост која доаѓа од наши ученици. Огромна благодарност до Софија Лазиќ, Ивана Трајановска, Андреј Спасовски, Данило Ѓуриќ и Сергеј Зафировски кои донираа пакетичиња!



# Учество на натпревари и конкурси

По повод ,,Светски ден на учителот ,,а од страна на ЗОН учител беше организиран ликовен и литературен конкурс на кој учество зедоа повеќе наши ученици со нивните ментори.Ученикот Неџмедин Асани од II д одделение,под менторство на наставничката Сања Тасевска го освои второто место на ликовниот конкурс,,Мојот учител-моја инспирација,.




По повод 11 Октомври, спроведен Општински натпревар за основни училишта во организација на Отсек за превенција и општински Совет за превенција на Детско престапништво, Сектор за образование, наставници, а под мото Спорт ДА Дрога Не, со порака до младите дека преку игра спорт дружење и меѓусебно почитување, ќе имаме здрава и безбедна младина што е цел на сите институции на нашата Општина.



По повод на патронот празник на училиштето „11 Октомври", нашето училиште учествуваше во натпревар по одбојка и футсал и освои прво место.



По повод Месецот на книгата ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски"- Куманово организираше литературен натпревар на тема „Да бев лик од книга". Натпреварот се одржа во просториите на СОУ „Перо Наков", а право на учество имаа ученици од сите основни и средни училишта во Куманово.На овој натпревар ученичката Ана Стевановиќ од VII-а паралелка со својата поетска творба освои ВТОРО место под менторство на проф. Фросина Пешевска.




На 18.11.2023 во ООУ„Браќа Миладиновци"-Куманово се одржа Регионален натпревар по МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК. Нашите ученички постигнаа голем успех:
Седмо одделение:ПРВО место- Ана СтевановиќТРЕТО место-Јована Милковска. Ментор: Фросина Пешевска.
Деветто одделениеВТОРО место –Александра Марковска Ментор:Весна Алексова
Сите три ученички обезбедија пласман за ДРЖАВЕН натпревар!

Нашето училиште учествуваше во лига систем Одбојка, машка конкуренција и го освои првото место и златен пехар!



Нашето училиште учествуваше во лига систем Одбојка, женска конкуренција и убедливо го освои првото место, златен пехар и медаља за секој натпреварувач



На 16 декември, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје се одржа Државниот натпревар по македонски јазик.
Нашите ученички постигнаа голем успех: Ана Стевановиќ од паралелка VII-а осво
ПРВО место и Јована Милковска од паралелка VII-а освои ТРЕТО место



Ви благодарам на вниманието!